Република Северна Македонија
Министерство за транспорт и врски
Државен инспекторат за транспорт

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Transportit dhe Lidhjeve
Inspektorati shtetëror për transport

**Архивски број:04-776/10**
**Дата:21.07.2021 година**

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Сл.Весник на Р.М" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18), а во врска со интерниот оглас за унапредување во Државниот инспекторат за транспорт бр.01/2019год, и Предлогот за унапредување на кандидатите по интерен оглас бр.04-1353/7 од 21.11.2019год, Директорот на Државниот инспекторат за транспорт донесе :

## ОДЛУКА
### за избор за унапредување на административен службеник

**1.**Во врска со интерниот оглас број 1/2021 за унапредување на административен службеник во Државниот инспекторат за транспорт, објавен на веб страната на Државниот инспекторат за транспорт и Агенцијата за Администрација, за следните работни места

- УПР0101В01000 Советник за административно работење во Одделение за инспекциски надзор над патниот сообраќај во Сектор за инспекциски надзор – 1 (еден) извршител од предложената Ранг листа **СЕ ИЗБИРА** следниот кандидат: **Нури Исмаиљи**
- УПР0101Г01000 Самостоен реферн-за канцелариско-документационо работење на предмети, Одделение за нормативно - правни работи, Сектор за нормативно - правни работи и општи работи. – 1 (еден) извршител, **СЕ ИЗБИРА** кандидтот **Ирфан Мемед,**

**2.**Директорот на Државниот инспекторатза транспорт во рок од 5 дена на избраните кандидати по конечноста на одлуката ќе донесе решение за унапредување на административните службеници од точка 1 на оваа Одлука.

**3.**Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

### Образложение

По добиеното известување за обезбедни средства од Министертво за финансии бр.18-5625/2 од 10.06.2021 год, за унапредување на административни службеници, Државниот инспекторат з атранспорт на ден 29.06.2021 год, објави на веб страната на ДИТ и на Агенцијата за администрација Интерен оглас бр.01/2021 заведено под бр.04-776/2 од 23.06.2021 год, за унапредувањ на 2 државни службеници.

Во врска со наведениот оглас и работните места, Комисијата за унапредување на административни службеници, формирана со Решение бр. 04-776/6 од 08.07.2021 година, спроведе административна селекција по интерниот оглас, за што изготви записник за селекција на кандидатите заведено под бр. 04-776/7 од 16/07/2021 година, како и спроведе интервју за што е составен Записник под бр.04-776/8 од 16.07.2021 година..

Комисијата врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во Записникот заведен под бр.04-776/8 од 16.07.2021 година, изготви предлог одлука за избор на прво рангираните кандидат и истата ја достави до Директорот.


Државен инспекторат за транспорт
Ул.Кузман Јосифовски Питу бр.21,
Скопје

Inspektorati shtetëror për transport
Rr. „Kuzman Josifovski Pitu nr.21, Shkup

+389 2 2 464 510
www.dti.gov.mk

Согласно член 52 од Законот за административни службеници "Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник."
Имајќи го во предвид горенаведениот член, директорот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен,во рок од 8 дена.**

**ДИРЕКТОР,**
Rufat Huseini

**ДОСТАВЕНО ДО:**
-Кандидатот
- Персонално досие
-Архива


Државен инспекторат за транспорт
Ул.Кузман Јосифовски Питу бр.21,
Скопје

Inspektorati shtetëror për transport
Rr. „Kuzman Josifovski Pitu nr.21, Shkup

+389 2 2 464 510
www.dti.gov.mk